55974



ПРЕДЛОГ ЗА РАЗУБАВУВАЊЕ НА ПЛОШТАДОТ - **АКО Е КИЧ, НЕКА Е ЕКСТРА КИЧ**

# Место фонтана, најголема цицка на Балканот



Наш читател, Марјан Денков, дипломиран ликовен уметник, иритиран од изборното ветување за градење најголема фонтана на плоштадот Македонија, вчера ни испрати слики-фотомонтажа. Со нив тој иронично дава до знаење дека, според него, е подобро плоштадот да го краси една цицка отколку ветената фонтана.

"Воден од идејата како Скопје се има претворено во кич-град, напишав текст кој го брани неговото кич-достоинство со својот најголем, најпространи, нејнеинвентивен и најкич плоштад. Ако е кич, нека биде екстра-кич", вели Денков во своето писмо како реакција на предизборното ветување за градење фонтана.

"Фотографиите се апел до идниот градоначалник и критика до сегашниот од еден млад уметник кој си го брани градот. Доволно Скопје станува Париз, и до кога сите тие споредби. Ајде веќе еднаш Скопје нека стане Скопје!", вели младиот уметник.

Во контекст на својата критика, Денков најавува дека ќе достави свои предлог-решенија за тоа што навистина треба да го краси плоштадот Македонија.

*(Ј.И.)*